Кога: 10 август 1947 година
Каде: Съдебната палата в София

# Георги Ацев и Страшо Димитров

– Име и презиме?

– Љубомир Јорданов, чесен Суде.

– Работно место?

– Бев началник во државната безбедност во скопската обласна полициска управа. Откако заврши војната и дојдоа партизаните, ние избегавме назад во Бугарија и потоа две години се криев по подрумите и таваните на блиските роднини. Сè до вчера, кога одлучив да се предадам и да се обидам да се покајам.

– Не ми е јасно. Што те натера да се пријавиш сам за да ти ги судиме злоделата?

– Одлучив да признам сè што имам направено лошо за Македонија. А, инаку, ме натера Сирма.

– Сирма? Која е Сирма?

– Сирма е најубавата жена што постои на светот. Ја запознав во скопскиот затвор кога ја донесоа под обвинение дека е главниот курир на Кузман Јосифовски Питу. Ја сместив во ќелијата помеѓу партизаните Мирче Ацев и Страшо Пинџур. Сите стражари и полицајци сакаа да ја силуваат, но јас не дозволив. Ја гледав како ангел што чекори по земјата. Нежна, мила, згодна до болка, умна и хипнотизирачки привлечна – подзастана Љубомир.

– Ајде продолжи! Да ја чуеме целата приказна, па ќе ти судиме.

– Нема приказна тука, само хорор и нечовечност од моја страна. Не знам како најцрниот ѓавол се вовлече во мојот ум. Секоја вечер, откако ќе се стемнеше, одев во затворот, да ја гледам Сирма и да се изживувам со Мирче и Страшо. Двајцата ги бевме фатиле на Свети Никола 1942 година по македонскиот календар во една рација во денешен Титов Велес. Не сакаа ништо да признаат и покрај тоа што знаевме сè за нив. Една снежна ноќ, помеѓу 3 и 4 јануари 1943, по испиени многу чаши ракија, решив да го убијам Бога во нив. Прво го фативме Мирче. Не сакаше ни името да си го каже. Го тепавме по табаните додека не му помодреа и не му отекоа. Се чудев како може да издржи толкава болка, затоа што беше најмногу мачен, а се покажа како најцврст. Само кажа дека не ги чувствува нозете. Стражарот Ганчо му забодуваше шајки под ноктите сè додека не остана без нокти, прстите му беа полупресечени… Сирма и Страшо од соседните ќелии слушаа што се случува. Сирма побара да оди до тоалет, сигурно да види во каква состојба е Мирче. Дојде до неговата самица, долго гледаше во безживотното тело, се заврте и со смирен глас ми кажа: „Љубо, монструме. Имаш ли ти човечност во себе, имаш ли душа или веќе си во пеколот? Јас ќе преживеам и сè ќе кажам за да те стигне божјата рака. Отвори ја, ѕверу, вратата, сакам за последен пат да го гушнам Мирчета“. Пак се заврте и чекаше. Не можев да не ја отворам, затоа што Сирма владееше со просторот и времето. „И ајде сега сите да ве нема, сакам да бидам насамо, дојдете за петнаесет минути“. Им наредив на џелатите, заедно со мене да отидеме на уште по една ракија.

Во судницата никој не дишеше и никој не знаеше за ѕверствата што сме ги направиле на нашиот братски народ. Многу работи сфатив отпосле, во годините што следуваа, додека живеев во скривниците.

Атмосферата во судницата беше тегобна. Судијата беше како паднат од небо, а поротата подзинато молчеше сè додека не се отвори високата и тешка дрвена врата и некој зачудено викна:

– Другар судија, имаме гости.

Во судницата влегоа Сирма и Георги Димитров, премиерот на Бугарија, држејќи се под рака. Со бавен чекор и без збор се упатија до местото каде што вообичаено седат сведоците.

– Продолжете, продолжете – рече Георги – се извинуваме што доцниме.

Љубомир се стаписа, дали од премиерот, но многу поверојатно од Сирма. Судијата, по кратка пауза, ја повика Сирма како сведок.

– Повелете другарке Сирма, што се случи откако влеговте во ќелијата на Мирче Ацев.

– Ја здогледав најморбидната сцена на таа проклета братоубиствена војна. Мирче беше сиот во крв, му беа откинати делови од телото, многу коски му беа скршени, косата му беше искубана, нозете му беа соголени до коска од кожата што му ја дереле за време на мачењето. Прстите на нозете му беа искасапени. Јас легнав врз мртвиот херој и бесконечно плачев. По некое време се вратија џелатите и некојси Васил Цанков му се обрати на овдеприсутниот Љубомир, „Пиши само дека сам се убил.“ Мене насила ме оттргнаа од преградката со мојот Мирче и ме вратија во ќелијата. „Страшо, другар. Го убија. Херојски се држеше до последниот час. И сега ќе го фрлат од четврти кат и ќе кажат дека се самоубил“. Тој ми врати „Бог да го прости и покрај тоа што нам комунизмот ни забранува да веруваме во Господ“, се качи на дрвениот кревет и низ решетките од прозорецот свирна со уста. Три долги, три кратки и повторно три долги. Подоцна дознав дека на овој сигнал дошле партизаните и го украле телото од плочникот пред полициската станица. За да го закопаат достоинствено и да му оддадат последна почит.

Сите во судницата плачеа. И фашистите и комунистите. За цело време Георги Димитров го гледаше Љубомира со поглед што стрела и заледува.

– Во признанието пишува дека таа кобна вечер на двајца си им го одзел животот. Кој е вториот? – праша судијата, будејќи се од шокот што му го предизвикуваше исказот.

– Вториот е Страшо Пинџур. Откако забележавме дека го нема телото на Мирче, јас полудев и го извлеков од ќелијата. Го однесов подалеку за да не гледа и не слуша Сирма. Пет души го тепавме наизменично: јас, Тенјо, Илија, Андон и Тодор. Не сакаше да одговара, кажа само „Моето име е Страшо и никогаш нема да ги предадам другарите". Знаевме дека татко му бил бугарски офицер и не ни беше јасно како малиов се бори против нас, Бугарите. Го тепавме со часови, со пендреци, со клоци по грбот, стомакот, главата… сè додека не испушти душа, додека не му излезе пена на уста. За инает и него го фрливме од најгоре. Потоа отидов во канцеларијата и напишав дека и двајцата се самоубиле. И двајцата беа родени 1915 година, и двајцата имаа по неполни 28 години. Отидов да го допијам шишето ракија, отидов дома и си легнав. Неколку дена не отидов на работа затоа што сакав да се убијам.

– Не ми се верува ова што го слушам – се чудеше Георги Димитров – мислев дека во братска Македонија бевме само администратори за да го елиминираме српското влијание, за да им докажеме на Македонците дека им мислиме само добро. Затоа и го потпишав Бледскиот договор со Тито. Заради злосторствата на Бугарите врз Србите моравме, како репарација, да ѝ дадеме на Југославија дел од бугарската држава. Како отштета, исто така, Италија мораше да ѝ ја подари Истра на Хрватска, а меѓународниот суд одлучи ние да им платиме на Македонците 25 милиони долари како компензација за срањата што им ги правевме. Тито ми кажа дека нема потреба и се откажа од парите, само за да ја исправам историската неправда кон Македонија. Затоа го воведов македонскиот јазик како задолжителен предмет во пиринскиот крај. Допуштив македонски учители од Скопје, како и македонски библиотекари, да ја шират литературата на

македонски јазик. Тоа беше доказ дека нашата партија се однесува со најголема симпатија кон обединувањето на македонскиот народ. Издадов и Наредба до бугарското Министерство за образование за одделно изучување на македонската од бугарската историја. Го признав постоењето на македонската нација и македонскиот јазик. Во декември лани спроведов попис во Пиринска Македонија и на Македонците им дозволив да се изјаснат како Македонци. На овој попис 63 проценти од жителите се идентификуваа како етнички Македонци. Исто така, дозволив коските на Гоце Делчев да се вратат таму каде што припаѓаат, во Македонија. На Бледското Езеро во Словенија со Тито се договоривме да создадеме голема федерација на балкански и словенски држави, да бидеме најсилни во Европа, да летуваме без пасош на Јадран и на Егеј, да зимуваме на Алпите и Татрите – долго траеше овој час по „иднина" од премиерот на Бугарија. За цело време гледаше високо, како да сакаше небото да го чуе овој говор, како да ја молеше судбината да не му дозволи на Сталин да ја уништи оваа голема идеја.

Георги заврши и присутните во судницата почнаа спонтано да ракоплескаат и извикуваат „Да живее Георги, да живее КПБ, да живее Македонија".

– Затоа, можеби е најдобро, овој никаквец, да биде јавно обесен на плоштад. Нека одбере само дали тука, во Софија или во братското Скопје. Само прво нека се покае, за да се ослободи од гревот.

– Се покајувам почитуван суде, затоа и сам се предадов. Цело време ме прогонуваше писмото од Сирма што ми стигна десетина дена по убиствата. Го читав секој ден и се мразев себе си сè повеќе и повеќе. Ме водеше дури до границата на лудилото. Не знаев што да сторам, одев во црква, му се молев на Бога, се срамев, гладував, се самоповредував… И на крајот, еве ме овде. Барам прошка од двата народа. Ќе прифатам и да ме стрелате и

обесите, но сакам да знам дека сум се ослободил од гревот. Сега ќе ви го прочитам писмото, па вие одлучете – бркна со раката во десниот џеб и го раздипли хартичето:

> На колку хиљади чесни Македонци им се дигна косата која го видоа Мирчета кака го закопуваа со исечени прсти, со извадени нокти и искинато месо от коските.
>
> Македонските мајки, татковци и сестри виделе ногу свој синови и бракја мачени и отепани, но до сега вакви зверски и нечовечно мачење немајат видено. Вака не мачеле ни турските јаничари, башибозлуци и крджалии како што мачат Хитлеровите и бугарски фашисти. Додека Пинджурот го скрија да не се гледаат неговите искршени коски, оти поучени от Мирчевиот случај, виде како за резилок стануваат во очите на народот.
>
> Смрт на фашизмот, слобода на народот !
>
> Твојата совест Сирма

По неколкуминутна пауза поротниците се повлекоа од судницата за да ја донесат пресудата, но се вратија за многу кратко време.

– Почитуван судија, ние сме шест наспроти шест – рече претседателот на поротата. Немаме одлука.

– Тогаш, нека одлучи Сирма – пресече Георги.

– Јас? – праша Сирма.

– Да, ти. Така и си напишала во писмото. Дека ти си неговата совест.

– Во ред премиере. Тогаш ќе кажам само еден збор „Живеј!“. Љубомире, ти треба да бидеш историски пример дека овие народи се братски и рамноправни и дека имаме многу повеќе работи што нè обединуваат отколку што нè разединуваат. Дека имаме заедничка историја, заедничка сегашност и заедничка иднина.

Повторно следуваа овации и аплаузи во судницата.

– Само да додадам уште нешто, еве го и мојот последен услов. Ќе мораш да најдеш и да се ожениш со Македонка, затоа што само на тој начин ќе можеш да си ја спасиш душата од страдања и телото од болки.

* * *

Седумнаесет месеци подоцна. Јануари 1949 година.

Тито беше изолиран од Советскиот Сојуз со резолуцијата на Информбирото. Сталин ги сврте сите комунистички партии против него. Успеа да ги придобие дури и Македонците од Егејска Македонија. Димитров сè уште даваше отпор и не сакаше да легне под руската чизма.

– Подготви го авионот, Валко – му нареди Георги на својот зет и телохранител – ќе одиме до Белград да му дадам поддршка на мојот камрад. Кој го ебе Сталин, ние имаме друга визија.

– Договорено, другар Георги – отпоздрави Валко Червенков и се оддалечи.

Георги Димитров го зеде малиот куфер што секогаш му беше подготвен за на пат и се упати кон воениот аеродром. Имаше некое лошо претчувство како и сите што му се спротивставуваа на сибирскиот тигар. Влезе во авионот, вратата се затвори, грмнаа моторите и полета. Пилотот, наместо на северозапад, тргна на североисток – накај Москва.

– Валко, дали си нормален, каде одиме?

– Одиме на гости кај нашиот татко Сталин.

Георги веќе никогаш не му се јави, ниту му пиша на Тито. Никој не знаеше што се случило, сè додека не стигна соопштение дека на 2 јули починал во некој санаториум во близината на Москва од некоја непозната болест.